


# ХЕЛП курс
# ОБРАЗЛОЖУВАЊЕТО НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

## Контекст и цел на курсот

Добро образложените судски одлуки не претставуваат само правна обврска, туку тие имаат и мноштво цели. Образложените пресуди им покажуваат на странките дека нивните аргументи биле **слушнати и разгледани**. Преку адекватно образложение странките можат **да разберат** зошто и како судиите дошле до определен заклучок и, поради тоа, да ја разгледаат потребата од **жалба**. Доброто образложените исто така **ја олеснува прифатливоста** на пресудата како од странките, така и од страна на пошироката јавност. Конечно, но не и помалку значајно е и тоа што добро образложените судски одлуки претставуваат **заштитна гаранција од арбитрерно** правораздавање и осигуруваат соодветно спроведување на правдата, како и јавна доверба во правосудниот систем.

> „Носењето на Европската конвенција за човекови права дома значи создавање на заедница на европски судии за човекови права кои ќе постапуваат како „стразбуршки“ судии на домашно ниво кога се соочени со спорови во кои се покренуваат правата од Конвенцијата.
>
> Ефикасното, непристрасното и независното судство претставува камен-темелник на еден функционален систем на демократска контрола и проверка.“
>
> *Судија Роберт Спано, Претседател на Европскиот суд за човекови права, Воведно видео кон ХЕЛП курсот „Образложувањето на судските одлуки и човековите права“*

При одлучувањето по предметите на домашно ниво судовите во државите-членки на Советот на Европа вообичаено се обврзани согласно домашното право да дадат детално образложение на нивните пресуди. Меѓутоа, супстантивните обврски што се однесуваат на содржината на образложението исто така произлегуваат од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), на начин на којшто тие обврски се интерпретирани од страна на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во неговата судска пракса.

Обврската на домашните судови да даваат причини (образложение) на нивните пресуди е експлицитно наведена во судската пракса на Судот согласно членот 6 од ЕКЧП, кој претставува примарен, но не и единствен, извор на обврската на домашните судови да обезбедат образложена пресуда. Оваа обврска може исто така да извира и од позитивните и процесните обврски што произлегуваат од мноштвото материјални одредби на ЕКЧП (на пример, во членовите 2, 3, 5, 8-11 од ЕКЧП). На ниво на ЕУ правото на образложена пресуда е вградено во членот 47 од Повелбата за темелните права на ЕУ, кој треба да се толкува во контекст на судската пракса на ЕСЧП.

## Преглед на курсот

Овој курс на далечина пружа сеопфатен преглед на начините на образложување на судските одлуки и на стандардите за квалитет на судските одлуки што се однесуваат на кривичните и граѓанските постапки, судската пракса и добрите практики.

Курсот е интерактивен и се состои од **7 супстантивни модули**:

- **Вовед**
- **Образложувањето на судските одлуки и правичното судење**
- **Образложување на судските одлуки во кривичните постапки– фаза на истрага**
- **Образложување на судските одлуки во кривичните постапки – судење, постапка по жалба и извршување на пресудите**
- **Образложување на судските одлуки во граѓанските постапки – општи принципи**
- **Образложување на судските одлуки во граѓанските постапки – тематски прашања I**
- **Образложување на судските одлуки во граѓанските постапки – тематски прашања II**

## Целна група/публика

Овој курс им е првенствено наменет на сите **правни професионалци** (судии, обвинители, адвокати или вработени во судовите).
Него исто така можат да го користат и други **носители/вршители на јавни овластувања и јавни функции**, вклучувајќи ги националните институции за човекови права, вработените во јавната администрација, парламентите, итн. Исто така, тој може да претставува значаен ресурс за **студентите на универзитетите** или за **организациите на граѓанското општество**.

## Развој на курсот

Овој ХЕЛП онлајн курс беше развиен од страна на заедничкиот проект на Европската унија и Советот на Европа Зајакнување на ефективните правни лекови за повредите на човековите права во Србија, заедно со Програмата ХЕЛП на Советот на Европа. Проектот се спроведува во рамките на

заедничката програма Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција (2019-2022). Мислењата изразени во него не може да се смета дека на ниту еден начин ја одразуваат официјалната позиција на Европската унија.

**Курсот беше објавен во 2022 година.**

## Пристап кон бесплатниот онлајн курс

За да пристапите кон курсот потребно е најпрво да отворите сметка (профил) во ХЕЛП, доколку не сте го направиле тоа претходно (http://help.elearning.ext.coe.int/login/) (за тоа ќе Ви требаат 2 минути) по што ќе кликнете на линкот подолу за директен пристап до курсот: http://help.elearning.ext.coe.int/course/view.php?id=1754